# ПРИРАЧНИК

## За натпреварувањата во КОШАРКАРСКИОТ КУП

## „БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ БУШТУР - 2025“

## Сезона 2024/25 година

## СОДРЖИНА

1. ГЕНЕРАЛНИ ПРИНЦИПИ
1.1 Вовед
1.2 Должности на Кошаркарската Федерација на Северна Македонија
1.3 Должности на организаторот
1.4 Натпреварувачки дел
1.5 Одредување на натпреварувачки двојки
2. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА
2.1 Формирање на Локален Организациски Комитет (ЛОК)
2.2 Ангажирани лица за време на Финалниот Турнир
2.3 Лица од Канцеларијата на КФСМ вклучени во организацијата
2.4 Обврски кон безбедносните и итните служби
3. СМЕСТУВАЊЕ
4. ТРАНСПОРТ
5. СПОРТСКА САЛА
5.1 Соблекувани
5.2 Записничка маса
5.3 Канцеларии
5.4 Просторија за Прва Помош
5.5 ВИП трибина
5.6 Трибина за тимовите учесници
5.7 Трибина за новинарите и ТВ екипите
5.8 Прес Центар
5.9 Паркинг
5.10 Влез и излез
5.11 Обележување на спортската сала
6. АКРЕДИТАЦИИ И БИЛЕТИ
7. ЦЕРЕМОНИЈА ЗА ОТВОРАЊЕ И ЗАТВОРАЊЕ НА ФИНАЛНИОТ ТУРНИР
7.1 Церемонија за затворање на Финалниот турнир
8. МАРКЕТИНГ И ПРОМОЦИЈА
8.1 Комерцијални и маркетинг права
8.2 Брендирање
8.3 Наградни игри и промоции
8.4 Забавна програма за време на паузите
9. МЕДИУМИ
9.1 Прес конференции
9.2 Брошура за Финалниот турнир

# 1. ГЕНЕРАЛНИ ПРИНЦИПИ

## 1.1. Вовед

Во овој прирачник ќе бидат дефинирани основните побарувања за организација на Кошаркарскиот Куп на Република Македонија во сениорска конкуренција. Организаторот на финалниот турнир во кошаркарскиот Куп на РС Македонија е Кошаркарската Федерација на Северна Македонија која преку својата канцеларија објавува јавен конкурс за наддавање – лицитација за организатор на кошаркарскиот Куп на РС Македонија во која можат да учествуваат сите субјекти кои ќе ги исполнат општите одредби од Правилникот за натпреварување во кошаркарскиот Куп на РС Македонија. Доколку некој субјект го излицитира Купот, правата и обврските за организација на Купот му се пренесуваат на тој субјект веднаш по потпишувањето на договорот за права и обврски за организација на Купот на РС Македонија. Сите регулативи на ФИБА и Кошаркарската Федерација на Северна Македонија се во полна важност како дополнување на овој правилник.

## 1.2 Должности на Кошаркарската Федерација на Северна Македонија

Кошаркарската Федерација на Северна Македонија (во понатамошниот текст КФСМ) ќе направи се што е во нејзина моќ за Кошаркарскиот Куп на РС Македонија да биде организиран на највисоко ниво. КФСМ ќе ја контролира организацијата во сите нејзини сегменти и ќе настапува превентивно поради надминување на сите евентуални потешкотии и проблеми во текот на организацијата.

## 1.3 Должности на организаторот

Организаторот мора да направи се за да ги исполни сите барања и обврски кои се составен дел на овој Прирачник и договорот кој ќе биде потпишан. Организаторот ќе обезбеди едно лице од Локалниот Организациски Комитет (ЛОК) кое ќе биде во придружба и на располагање на надлежните лица од КФСМ, пред и за време на одржувањето на финалниот турнир од Купот.

## 1.4. Натпреварувачки дел

На финалните турнири од Купот во машка конкуренција учествуваат осум (8) екипи, а во женска конкуренција учестуваат четири (4) екипи.

Организаторот е должен до одговорното лице во КФСМ да достави термини за одржување на сите натпревари и тренинзи на екипите учеснички во рок од 72 часа по добивањето на организацијата на Купот, за нивно одобрување од страна на КФСМ.

Натпреварите меѓусебно мора да бидат во временско растојание согласно со Пропозициите за натпреварување, со тоа што почетокот на последниот натпревар во денот не смее да биде закажан подоцна од 21:00 часот.

Организаторот го има дискрециско право да одлучи во кој од доделените ТВ термини ќе се одигра одреден натпревар притоа почитувајќи ја претходно утврдената шема на натпреварите.

Организаторот мора да им овозможи на сите екипи кои учествуваат на финалниот турнир термин за еден тренинг, 24 часа пред почетокот на натпреварот во истата сала во која ќе се игра натпреварот. Тренингот треба да е во времетраење од најмалку 45 минути и според принципот „игра прв - тренира прв" доколку тоа го побараат од него писмено најдоцна осум (8) дена пред почетокот на Купот.

Организаторот е должен за време на тренинзите да обезбеди одговорно лице во салата кое ќе биде должно на секој клуб учесник на Купот да му додели:

- Соблекувална,
- Дванаесет (12) топки,
- Вода (мин. 18 фабрички флаширани шишиња од 1,5 литри за играчите и 6 фабрички флаширани шишиња од 0,5 литри за стручниот штаб), и
- Мраз.

Организаторот е должен еден час пред почетокот на натпреварот на двете екипи да им додели:

- Соблекувална,
- Шест (6) топки,
- Вода (мин. 18 фабрички флаширани шишиња од 1,5 литри за играчите и 6 фабрички флаширани шишиња од 0,5 литри за стручниот штаб), и
- Мраз.

Организаторот е должен 30 минути пред почетокот на натпреварот да достави:

- Дванаесет (12) фабрички флаширани шишиња од 0,5 литри вода на записничката маса.

## 1.5. Одредување на натпреварувачките двојки

Двојките за натпреварите се утврдуваат врз основа на пласманот на екипите од тековниот дел на првенството во тековната натпреварувачка сезона, по завршувањето на првиот дел:

- Во Првата машка лига, после 11 одиграни кола, а
- Во Првата женска лига, после 7 одиграни кола.

## 2. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

### 2.1. Формирање на Локален Организациски Комитет (ЛОК)

По добивањето на организацијата, организаторот е должен да формира Локален Организациски Комитет (ЛОК) кој ќе биде одговорен за комплетна организација на финалниот турнир и ќе биде во постојана комуникација со одговорните лица од КФСМ.

Организаторот треба да определи соодветни лица за:

- Менаџер на настанот (Event manager) – одговорно лице кое е запознато со сите детали на настанот, моментално може да донесува извршни одлуки по сите прашања и кое е примарен контакт со КФСМ. Менаџерот на настанот ги превзема обврските и одговорностите и на сите останати долунаведени лица, во случај организаторот да ги нема назначено.
- Одговорно лице за информациски технологии, интернет и техничка инфраструктура во салата (IT manager) – лице кое ќе биде запознаено со целокупната техничка опрема и ќе се стави на располагање за одржување и отстранување на евенутални проблеми со неа.
- Портпарол (Press officer) – лице кое е одговорно за односите со медиумите; најава, организација и водење на прес конференциите пред и за време на Купот; распределба на акредитации.
- Одговорно лице за маркетинг (Marketing manager) – одговорно лице за маркетингот во салата, маркетингот пред и за времетраење на Купот и распределба на пропагандните материјали до медиумите.
- Комесар за безбедност (Security officer) – лице одговорно за целокупната безбедност пред, за време на одржувањето и по завршувањето на финалниот турнир од Купот на РС Македонија, согласно обврските пропишани во Законот за спречување на насилствата на спортските терени.
- Одговорно лице за сала (Venue manager) – лице кое располага со детални информации за спортската сала во која ќе се одржува финалниот турнир од Купот.

Организаторот на финалниот турнир од Купот на РС Македонија ќе достави до КФСМ потполнет органиграм со одговорните лица од ЛОК (кој се наоѓа во АНЕКС 2 од овој Прирачник) најдоцна 10 дена пред почетокот на финалниот турнир. Органиграмот на Кошаркарската Федерација на Северна Македонија се наоѓа во АНЕКС 1 од овој Прирачник.

## 2.2. Ангажирани лица за време на финалниот турнир

Организацијата на еден настан може да биде успешна само доколку во нејзиното извршување е ангажиран добар тим на луѓе кои ги знаат своите права и обврски и се грижат да бидат навремено и ефикасно исполнети.

Потребни лица чие присуство е задолжително за започнување и одвивање на еден натпревар се следните:

- Записничка маса (минимум 4 лица со искуство од минимум една година на натпревари од Прва Лига Мажи кои можат да одработат најмногу два (2) натпревари во еден ден);
- Статистичари (минимум 2 лиценцирани статистичари делегирани од Сектор на статистичари на КФСМ);
- Чистачи на терен за игра (2 лица);
- Официјален спикер - најавувач (1 лице);
- Техничко лице за работа со разглас и аудио опрема (1 лице);
- Официјален сниматeл (1 лице);
- Медицински тим (сместен на посебно место во салата, видливо за целата публика);
- Лица за обезбедување (по проценка на комесарот за безбедност).

## 2.3. Лица од канцеларијата на КФСМ вклучени во организацијата

Во подготовките и за времето на одржување на финалниот турнир од Купот на РС Македонија, канцеларијата на КФСМ ќе ги стави на располагање своите човечки ресурси на организаторот. Назначени одговорни лица ќе бидат на располагање и во блиска соработка со соодветните лица од ЛОК веднаш по добивањето на организацијата, па се до завршувањето на финалниот турнир од Купот на РС Македонија.

## 2.4. Обврски кон безбедносните и итните служби

Организаторот е должен да го пријави финалниот турнир во МВР најдоцна 72 часа по добивање на неговата организација или по извршеното определување на натпреварувачките двојки, но не подоцна од 72 часа пред почетокот на турнирот.

По извршеното определување на натпреварувачките двојки, а не подоцна од три (3) дена пред почетокот на финалниот турнир задолжително е да се одржи состанок на менаџерот на настанот и комесарот за безбедност од страна на организаторот, претставници од агенцијата за обезбедување на настанот ангажирана од страна на организаторот и претставници од МВР.

Организаторот е должен да го пријави финалниот турнир во територијалната противпожарна единица најдоцна, 72 часа пред неговото започнување и да ги сноси евентуалните финансиски трошоци за обезбедување на едно противпожарно возило со екипа за целото време на одржување на финалниот турнир, освен ако не биде поинаку побарано од МВР.

Организаторот е должен да обезбеди од јавна или приватна здраствена установа, медицинска екипа составена од доктор, медицинска сестра и возач, заедно со санитетско возило опремено со имобилизирачки носила, кислород, дефибрилатор и останата придружна медицинска опрема.

Ангажираните лица од агенцијата за обезбедување не смеат да дозволат присуство на лица во сектори каде што нивната акредитација или ВИП карта не го дозволува тоа.

## 3. СМЕСТУВАЊЕ

Организаторот е должен да ги покрие патните трошоци и да обезбеди сместување на шест (6) лица од канцеларијата на КФСМ и три лица од техничкиот комитет на база полн пансион во хотел оддалечен не повеќе од 20 минути од салата на одигрување на натпреварите од финалниот турнир на Купот на РС Македонија, доколку салата се наоѓа надвор од Скопје.

## 4. ТРАНСПОРТ

Организаторот е должен да ги покрие трошоците за транспорт на сите официјални лица на финалниот турнир од Купот на РС Македонија.

Во случај ако некоја од екипите престојува во хотел во местото на одигрување на финалниот турнир, и доколку е побарано од организаторот, тој треба да и асистира на таа екипа во обезбедувањето на локален транспорт (трошоците за транспорт ги покрива екипата која ќе го користи) и со комесарот за безбедност и локалното МВР да и овозможат безбедна рута и пристигнување во спортската сала на екипата.

Менаџерот на настанот и комесарот за безбедност од ЛОК во комуникација со локалното МВР мора во секој момент да располагаат со информации за состојбата на околните локални и магистрални патишта и доколку дојде до затворање на некои од нив веднаш да биде известено одговорното лице од КФСМ за да им биде навремено овозможено на сите учесници безбедно пристигнување во спортската сала.

## 5. СПОРТСКА САЛА

Минималната температура во спортската сала мора да изнесува 12° степени за време на сите натпревари од финалниот турнир.

### 5.1. Соблекувални

Спортската сала каде што ќе се одржува финалниот турнир мора да располага со четири соблекувални за играчи комплетно функционални со:

- Клупи или столчиња за минимум 12 играчи и минимум 24 закачалки;
- Минимум четири (4) туш кабини и соодветен број на тоалети;
- Придружни елементи за хигиена;
- Еден (1) медицински кревет за масажа;
- Функционална брава која гарантира сигурност на соблекувалната.

Покрај соблекувалните за играчи потребно е да располага и со две соблекувални за официјалните лица со функционални:

- Клупи, или столчиња за 4 лица со маса и 4 закачалки;
- Еден (1) туш кабина и функционален тоалет;
- Придружни елементи за хигиена;
- Мал фрижидер (доколку постои можност).

### 5.2. Записничка маса

Спортската сала потребно е да располага со записничка маса каде што ќе може да се сместат осум (8) лица. Записничката маса по Правилникот за натпреварување задолжително мора да е подигната, да има доволно приклучоци за електрична енергија, минимум пет (5) приклучоци, а пожелно е покрај Wi-Fi интернетот во салата до записничката маса да има спроведено и интернет со кабел (LAN врска со минимум 10Mbps Dl/Up).

### 5.3. Канцеларии

Една канцеларија близу до теренот која ќе биде на располагање на претставниците на КФСМ и на Техничката комисија задолжена за реализирање на финалниот турнир од Купот на Македонија, која ќе биде доделена на располагање 24 часа пред почетокот, за целото времетраење, и 24 часа по завршување на финалниот турнир опремена со:

- Столчиња за осум (8) лица и маса;
- Телевизор поврзан со ДВД плеер;

- Пет (5) приклучоци за струја;
- Ласерски принтер;
- Мал фрижидер (доколку постои можност);
- Функционална брава која гарантира сигурност на соблекувалната.

### 5.4. Просторија за прва помош

Просторијата за прва помош треба да се наоѓа во близина на теренот, и во близина на излезот од салата. Пред излезот од салата каде што се наоѓа оваа просторија местото за паркинг мора да биде резервирано за возилото на брзата помош, без исклучок. Пристапот од теренот до просторијата мора да биде слободен во секој момент. Просторијата треба да биде климатизирана и опремена со:

- Медицински кревет;
- Имобилизирачка носила;
- Цилиндер со кислород;
- Превентивни медицински средства.

### 5.5. ВИП трибина

Организаторот е должен во централниот дел на едната трибина во спортската сала да обезбеди минимум 50 места за седење, одделени од останатата публика, за гостите со статус ВИП. Пристап до оваа трибина ќе имаат само лицата кои поседуваат ВИП билет или лицата кои поседуваат ВИП акредитација. Задолжително е да има физичко обезбедување од минимум две (2) лица на оваа трибина. Пожелно е ВИП гостите да влегуваат од врата, различна од онаа за публиката и да имаат полесен пристап до местото каде ќе се одржи коктелот за време на паузата за полувреме од финалниот натпревар.

### 5.6. Трибина за тимовите учесници

Организаторот е должен во одреден дел од спортската сала специјално да назначи “трибина за тимовите учесници”, со капацитет од 60 столчиња, каде ќе можат да пристапат само екипите кои учествуваат на финалниот турнир со прикажување на својата акредитација. Пожелно е оваа трибина да се наоѓа позади едниот кош со цел поголема безбедност на тимовите учесници и нивен полесен и побрз пристап до неа.

### 5.7. Трибина за новинарите и ТВ екипите

Организаторот е должен да ги смести новинарите на специјално определен простор – новинарска ложа, за која доколку нема специјално наменето место на трибините, пожелно е да биде зад едниот кош, спротивно од трибината за тимовите учесници.

Новинарската ложа потребно е да биде наместена во школски систем, со доволно приклучоци за електрична енергија и капацитет за седење за 20 лица, кои ќе можат да пристапат до неа само со акредитација "НОВИНАР".

Организаторот е должен да и излезе во пресрет на националната телевизија која ќе го врши директниот телевизиски пренос од спортската сала со овозможување на физички услови за поставување на камерите и коментаторското место на одредени позиции во салата, доколку тоа е побарано од страна на телевизиската куќа.

Организаторот е должен да изработи специјални елеци за фоторепортерите и камерманите кои ќе бидат задолжителни за време на финалниот турнир и кои ќе му овозможат на фоторепортерот/камерманот движење по дозволениот дел околу теренот.

### 5.8. Прес центар

Организаторот е потребно да обезбеди просторија каде ќе се одржуваат прес конференции по завршувањето на натпреварите, каде новинарите ќе можат да земаат изјави од учесниците и каде новинарите ќе можат да ги извршуваат своите работни обврски. Просторијата е потребно да биде опремена со:

- Wi-Fi интернет со брзина на Upload од минимум 10Mb/s,
- Капацитет за седење за дваесет (20) лица,
- Десет (10) приклучоци за електрична енергија,
- Маса за пет (5) лица од каде тренерите и играчите ќе ја држат прес конференцијата. Просторијата треба да има добра звучна изолација, или во спротивно ќе биде потребно да се користи разглас.

### 5.9. Паркинг

Организаторот е должен да ги обележи возилата на организацијата и на КФСМ со специјални налепници/пропусници.

Организаторот е должен да обезбеди бесплатен паркинг за возилата на КФСМ, МВР, итната помош и противпожарната служба. Препорака од КФСМ до организаторот е паркингот околу салата да биде отворен само за претходно-наведените возила, а останатите возила да бидат пренасочени на околни паркинзи.

Организаторот е должен да обезбеди специјално место за паркинг на возилото на брзата помош и на против пожарното возило по насока на одговорните лица од КФСМ.

Организаторот е должен да обезбеди специјално место за паркинг за возилата на телевизиската куќа која ќе врши пренос од финалниот турнир.

5.10. Влез и излез

Организаторот е должен да отвори еден влез/излез за службените лица, еден влез/излез за ВИП лицата и неколку влезови/излези за публиката. На секој од влезовите/излезите е должен да ги истакне „правилата за однесување во спортската сала" кои ќе му бидат доставени најдоцна 24 часа пред почетокот на финалниот турнир од страна на КФСМ.

5.11. Обележување на спортската сала

Спортската сала внатрешно и надворешно мора да биде означена со стрелки за насока на публиката и екипите. Сите влезови и простории мора да бидат видливо означени на влезната врата. На сите влезни врати мора да има поставено „правила за однесување во спортската сала" кои ќе бидат доставени од КФСМ, 24 часа до почетокот на турнирот.

6. АКРЕДИТАЦИИ И БИЛЕТИ

Организаторот на Финалниот турнир од Купот на Македонија е должен да изработи акредитации и да изврши нивна распределба до крајните корисници, најдоцна 12 часа пред почетокот на финалниот турнир.

Акредитациите се во стандардизирана големина, пластифицирани и се изработуваат по добиен графички формат од страна на КФСМ.

Организаторот е должен да му додели на секој клуб учесник на завршниот турнир од Купот по 24 „ТИМ" акредитации и по 2 „ВИП" акредитации.

Организаторот е должен на КФСМ да и додели осум (8) „ОРГАНИЗАТОР" и четири (4) „ВИП" акредитации.

Организаторот е должен на сите медиуми да им додели по две (2) акредитации од медиум и тоа една „НОВИНАР" и една „ТВ/ФОТО".

Организаторот е должен за телевизиската куќа која ќе го врши преносот да додели петнаесет (15) акредитации „ТВ".

Организаторот е должен на сите лица ангажирани во организација да им додели по една „ОРГАНИЗАТОР" акредитација и на сите лица ангажирани како обезбедување на финалниот турнир по една акредитација „ОБЕЗБЕДУВАЊЕ".

Влезниците се во формат и дизајн на организаторот и се изработуваат по добиено одобрување од страна на КФСМ. Дизајнот за влезниците треба да се достави до одговорното лице од КФСМ пред нивното печатење.

Влезниците задолжително е да бидат нумерирани, и организаторот е должен да му овозможи на секој сопственик на билет да седи на своето нумерирано седиште.

Организаторот е должен да и достави на КФСМ по дваесет (20) ВИП билети за секој натпревар од Финалниот турнир на Купот на Македонија.

Организаторот е должен да му достави по шест (6) ВИП билети на секој од клубовите кој настапува на одредениот натпревар.

За финалниот натпревар организаторот е должен да достави до КФСМ десет (10) ВИП билети за државниот протокол.

## 7. ЦЕРЕМОНИЈА ЗА ЗАТВОРАЊЕ НА ФИНАЛНИОТ ТУРНИР

### 7.1. Церемонија за затворање на финалниот турнир

Церемонијата за затворање на финалниот турнир од Купот на РС Македонија започнува веднаш по крајот на финалниот натпревар од турнирот.

Организаторот е потребно да подготви сценарио (не подолго од 5 минути) и да го достави до одговорното лице од КФСМ на одобрување, најдоцна 24 часа пред почетокот на финалниот натпревар.

На доделувањето на медалите, лицата вклучени во протоколот за доделување се дискрециското право на КФСМ.

Организаторот може да обезбеди подиум за победникот, кој ќе биде монтиран од страна на организаторот на средината на теренот, во рок од максимум две (2) минути, веднаш по завршувањето на финалниот натпревар.

## 8. МАРКЕТИНГ И ПРОМОЦИЈА

### 8.1. Комерцијални и маркетинг права

Организаторот има право да оствари приход од продажба на влезници за сите натпревари од финалниот турнир на Купот на РС Македонија, по цена одредена од организаторот, а со добиена согласност од канцеларијата на КФСМ.

Организаторот има право на комерцијален простор од 50% од вкупниот комерцијален простор во ТВ преносите од натпреварите од финалниот турнир од Купот на РС Македонија.

Рекламите и pop-up материјалите потребно е да ги достави до КФСМ најдоцна 48 часа пред почетокот на финалниот турнир од Купот на РС Македонија поради нивно вклучување во медиа планот на телевизијата.

Со исклучок на доделените 12 хоризонтални и 10 вертикални позиции за банери околу теренот на КФСМ, сите останати позиции за банери му следуваат на организаторот.

На организаторот му следуваат и девет позиции за брендирање на кошаркарскиот терен, што е детално наведено во следната точка 8.2.

8.2. Брендирање

Организаторот со стекнување на правото за организација на Финалниот турнир од Купот на РС Македонија се стекнува и со право да ги брендира:

- Двата (2) странични круга на кошаркарскиот терен, околу линиите за слободни фрлања, (брендирањето на централниот круг му припаѓа на КФСМ)
- Четири (4) апликации разместени симетрично низ кошаркарскиот терен, и
- Една (1) апликација под двата коша, кои нема да ги попречуваат линиите за игра на кошаркарскиот терен.

Организаторот е должен да обезбеди:

- Дванаесет (12) хоризонтални позиции за банери (со димензии 3 метри x 1 метар) околу теренот на располагање на КФСМ како во скицата:

Сите останати позиции за хоризонтални банери се на располагање на организаторот на финалниот турнир од Купот на РС Македонија.

Организаторот е должен да обезбеди:

- Десет (10) вертикални позиции за банери околу теренот на располагање на КФСМ.

Организаторот има право да брендира и други позиции во спортската сала, надвор од тие околу теренот, по претходна најава од КФСМ, но не подоцна од 72 часа пред почетокот на финалниот турнир од Купот на Македонија.

Организаторот е должен да достави дизајн од претходно наведените апликации и банери до КФСМ не подоцна од 72 часа пред почетокот на финалниот турнир.

### 8.3. Наградни игри и промоции

Организаторот и КФСМ, независно еден од друг, имаат право да организираат наградни игри и промоции пред и за време на финалниот турнир од Купот на РС Македонија.

Организаторот е должен да достави детално сценарио за наградната игра односно промоција до одговорното лице од КФСМ, најдоцна 72 часа до почетокот на истата, за нејзино одобрување.

Организаторот треба да гарантира дека со наградната игра, односно со промоцијата, нема да се наруши натпреварувачкиот дел од финалниот турнир, ниту ќе навлезе во неговиот тајминг.

Сите активности поврзани со наградната игра односно промоција (доколку таа се одвива за време на натпреварите) треба да бидат во прекин, најдоцна до 60 секунди пред започнување на натпреварот.

За време на паузата на полувремето организаторот има право да го искористи теренот за наградна игра во првите пет минути од паузата.

### 8.4. Забавна програма за време на паузите и помеѓу натпреварите

Препорака од КФСМ до организаторот на финалниот турнир е да обезбеди танчерска група и маскота за забава на публиката во паузите на натпреварите од финалниот турнир на Купот на РС Македонија.

Пред почетокот на натпреварите, за време на паузите на натпреварите и помеѓу натпреварите, организаторот е должен да пушта (energy up) музика од разглас.

Организаторот е должен на разглас (или во живо) да ја пушти (изведува) химната пред почетокот на секој натпревар од финалниот турнир од Купот на РС Македонија.

## 9. МЕДИУМИ

### 9.1. Прес конференции

Организаторот е потребно да одржи три прес конференции.

1. Првата веднаш, или најдоцна 72 часа по добивање на организацијата на финалниот турнир од Купот на РС Македонија.

2. Втората во текот на подготовките каде ќе бидат откриени некои од активностите, забавната програма и цените на билетите.
3. Третата и последна прес конференција која е генерална, треба да се одржи еден ден пред почетокот на финалниот турнир. На последната прес конференција задолжително е присуството на тренерите и капитените на сите екипи учеснички.

Покрај нив, учество на прес конференцијата земаат претставник на КФСМ и претставник на организаторот.

На оваа прес конференција се примопредава трајниот пехар од Купот на РС Македонија „Благоја Георгиевски – Буштур“.

Организаторот на финалниот турнир има обврска да организира прес конференција петнаесет (15) минути по завршувањето на секој натпревар од финалниот турнир на Купот на Македонија во прес центарот на спортската сала.

9.2. Брошура за финалниот турнир

КФСМ ја изработува брошурата за финалниот турнир (во боја) со информации за сите натпревари, сите тимови учесници, информации за спортската сала во која ќе се одржува Финалниот турнир, за градот во кој ќе се одржува финалниот турнир и историјата на Купот на Македонија.

Изготвената брошура во електронска форма КФСМ ја доставува до организаторот најдоцна седум (7) дена пред почетокот на завршниот турнир од Купот на Македонија.

Организаторот е должен брошурата да ја испечати во минимум 300 копии. Организаторот е должен да достави по еден примерок од брошурата до секој од учесниците, сите акредитирани медиуми и 10 брошури до архивата на КФСМ.

Скопје, сезона 2024/25 година

Претседател

Перо Антиќ